Какви се практиките во државното финансирање во Словенија и Хрватска? Можат ли да се искористат за подобрување на државното финансирање во Македонија? Споредлива ли е висината на средствата што во овие земји се насочува кон граѓанскиот сектор со онаа во Македонија? Овие се дел од прашањата за кои се собираа искуства и се разговараше на студиската посета наречена „Најдобрите практики на државно финансирање за граѓанските организации во Словенија и Хрватска“ што ја организираа МЦМС и Центарот за невладини организации од Словенија од 3 до 6 јули 2016 година за претставници на државните институции и на граѓанските организации.



Вкупно 11 учесници имаа можност да посетат различни државни институции и фондации и да се запознаат со системот и практиките на институциите во финансирањето на граѓанските организации. Во Словенија, беа организирани средби во Министерството за јавна администрација и Фондацијата на организации за луѓе со попреченост и хуманитарни организации. Кај Министерството особено интересна беше практиката на доделување грантови, поддршката на хоризонтални и тематски мрежи, а кај Фондацијата распределбата на средства од државната лотарија на Словенија за хуманитарни и инвалидски организации.

Посетени беа и општина Љубљана и Министерството за труд, социјални работи и еднакви можности. Градоначалникот Зоран Јанковиќ ги поттикна државните службеници да размислуваат за приближување на двата сектори давајќи примери од градот Љубљана и начинот на кој тие доделуваат средства преку програми за социјална заштита и здравје и за децата и млади. Претставниците на  Министерството нагласија дека во 2016 г. биле одвоени девет милиони евра за финансирање на 113 повеќегодишни програми. Учесниците се сретнаа и со претставници од Канцеларијата на Република Словенија за млади при Министерството за образование, наука и спорт, која што доделува буџетски средства за организациите за млади и младински политики секоја година во износ од 1.200.000 евра.

